# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


**Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 07.07.2022 год.** | **Уредува: Душко Миовски**

**Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 06 - Година 2022** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Пехчево;
2. Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот „Поврзување на локални патишта" финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка;
3. Одлука за утврдување на приоритетен проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Општина Пехчево;
4. Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата со предлог проект „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште, Пехчево – село Спиково";
5. Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка;
6. Одлука за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево;
7. Одлука за утврдување на паричен надоместок за организирање на спортски манифестации (турнир, меморијален турнир и сл);

Бр. 09-910/1
07.07.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година.

Бр. 09-910/2
07.07.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 33 и член 35 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002), член 15 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), издаденото Уверение за избор на член на Советот на општина Пехчево од страна на Општинската изборна комисија - Пехчево бр. 11-673/1 од 03.06.2022 година и поднесениот Извештај со предлог за верификација од страна на комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања бр.08-774/1 од 14.06.2022 год., Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 07.07.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на член на Советот на општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ ВЕРИФИКУВА мандатот на член на советот на општина Пехчево на

- НАДА СИМОВСКА, СДСМ и коалиција;

**Член 2**

Одлуката да се достави до именуваниот, Општинската изборна комисија - Пехчево, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-902/1
07.07.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот „Поврзување на локални патишта” финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот „Поврзување на локални патишта” финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, што советот на општина Пехчево ја донесе на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година.

Бр. 09-910/3
07.07.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002” ), член 12 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на Општина Пехчево бр.03/2021), како и согласно член 1 од Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за „Проект за поврзување на локални патишта” со средства обезбедени со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка (Службен весник на РМ бр.3/2020), Советот на општина Пехчево на осмата седница, одржана на 07.07.2022 година донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на приоритетен објект по Проектот „Поврзување на локални патишта” финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка**

Член 1

Се одобрува приоритетен објект по Проектот „Поврзување на локални патишта” финансиран со заем од меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка:

- Реконструкција на ул. „Индустриска” во Пехчево

Член 2

Одлуката влегува во сила од наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Пехчево”.

Бр.08-903/1
07.07.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на приоритетен проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на приоритетен проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година.

Бр. 09-910/4
07.07.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), а во врска со Јавниот повик бр.09/2022 на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за доставување на Барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на ден 07.07.2022 донесе,

**Одлука**
**за утврдување на приоритетен проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Општина Пехчево**

Член 1

Се утврдува дека приоритетен проект за учество на Јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, Мерка 124 – Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита на природните непогоди, Подмерка 124.3 – Инфрструктура за пристап до земјоделско земјиште на Општина Пехчево е проектот: „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште Пехчево - село Спиково„.

Член 2

Средствата за утврдениот приоритет од член 1 на оваа Одлука ќе се користат од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила веднаш од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр.08-904/1
07.07.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата со предлог проект „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште, Пехчево – село Спиково“**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата со предлог проект „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште, Пехчево – село Спиково“, што советот на општина Пехчево ја донесе на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година.

Бр. 09-910/5 — Градоначалник на
07.07.2022 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), а во врска со Јавниот повик бр.09/2022 на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за доставување на Барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 07.07.2022 донесе,

**Одлука**
**за давање на согласност за намената на инвестицијата со предлог проект „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште, Пехчево - село Спиково“**

Член 1

Се дава согласност Општина Пехчево да аплицира со предлог проектот „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште, Пехчево – село Спиково“, во рамки на Јавниот повик на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Мерка 124 – Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита на природните непогоди, Подмерка 124.3 – Инфрструктура за пристап до земјоделско земјиште.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр.08-905/1 — Совет на општина Пехчево
07.07.2022 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, што советот на општина Пехчево ја донесе на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година.

Бр. 09-910/6
07.07.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) Советот на општина Пехчево на осмата седница оддржана на 07.07.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден од советот на општина Штип, број 08-3266/1 од 19.05.2022 година, поднесен од страна на градоначалникот на општина Штип со број 22-2358/1 од 08.04.2022 година, за вршење на работи од член 22 од Законот за локална самоуправа во рмаки на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион„ помеѓу општините Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново – Облешево и општина Штип.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-906/1
07.07.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година.

Бр. 09-910/7
07.07.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/2002), член 22-б од Законот за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (Службен весник на РМ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016;64/2018; 140/2018 и 163/2018), и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 07.07.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево**

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пехчево ги утврдува цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование и средното образование на подрачјето на општина Пехчево, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз.

Член 2

Советот на општина Пехчево ја утврдува цената и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование на подрачјето на општина Пехчево, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз на следниот начин:

| ДЕЛ 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Чифлик - Пехчево – с.Чифлик (3км x 2 = 6km вкупно) | Бр. | 1 | 79,8 денари | 79,8 денари | 4,2 денари | 84 денари |

| ДЕЛ 2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Умлена – Пехчево - с.Умлена (5км x 2 = 10 km вкупно) | Бр. | 1 | 119,7 денари | 119,7 денари | 6,3 денари | 126 денари |

| ДЕЛ 3 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с. Робово - Пехчево - с. Робово (8км x 2 = 16 km вкупно) | Бр. | 1 | 133 денари | 133 денари | 7 денари | 140 денари |

| ДЕЛ 4 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Негрево- Пехчево- с. Негрево (3км x 2 = 6 km вкупно) | Бр. | 1 | 79,8 денари | 79,8 денари | 4,2 денари | 84 денари |

| ДЕЛ 5 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Црник - Пехчево - с. Црник (12км x 2 = 24 km вкупно) | Бр. | 1 | 159,6 денари | 159,6 денари | 8,4 денари | 168 денари |

| ДЕЛ 6 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Панчарево - Пехчево - с. Панчарево (17км x 2 = 34 km вкупно) | Бр. | 1 | 186,2 денари | 186,2 денари | 9,8 денари | 196 денари |

Член 3

Советот на Општина Пехчево ја утврдува цената и начинот на бесплатен превоз на ученици во средното образование на подрачјето на општина Пехчево, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз на следниот начин:

Член 4

Цената за услугите од член 2 и член 3 на оваа одлука се однесуваат за еден корисник на услуга по релација.

Вкупната цена на услугите ќе биде утврдена од страна на училиштата во зависност од бројот на ученици (корисници) на услугата, за секоја релација посебно.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-907/1
07.07.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на паричен надоместок за организирање на спортски манифестации (турнир, меморијален турнир и сл)**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на паричен надоместок за организирање на спортски манифестации (турнир, меморијален турнир и сл), што советот на општина Пехчево ја донесе на осмата седница одржана на ден 07.07.2022 година.

Бр. 09-910/8
07.07.2022 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 07.07.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на паричен надоместок за организирање на спортски манифестации (турнир, меморијален турнир и сл)**

Член 1

Советот на општина Пехчево го овластува градоначалникот на општина Пехчево да доделува паричен надоместок во вредност до 6.000 (шест илјади) денари за организирање на спортски манифестации (турнир, меморијален турнир и сл.)

Член 2

Во прилог на барањето за обезбедување на паричен надомест за организирање на спортски манифестации (турнир, меморијален турнир и сл.) се доставуваат следните податоци:

- Важечка лична карта или пасош на увид;
- Трансакциска сметка;

Член 3

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи одлуката бр. 08-423/1 од 30.03.2018 објавена во Службен гласник бр. 03/2018.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-908/1
07.07.2022 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Пехчево _____________2;
2. Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот „Поврзување на локални патишта” финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка _________3 ;
3. Одлука за утврдување на приоритетен проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Општина Пехчево _____________________________________________________________ 4;
4. Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата со предлог проект „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште, Пехчево – село Спиково“ ___________________ 5;
5. Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка ________6;
6. Одлука за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево ______________________________7;
7. Одлука за утврдување на паричен надоместок за организирање на спортски манифестации (турнир, мемоsurvives турнир и сл) _______________________________________________ 11;